СКАОП 485

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и член 20 став 1 точки 37) и 38) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), министерката за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ КУРСЕВИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ВО ДРЖАВАТА И ВО СТРАНСТВО

## I Основни одредби

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на организација и реализација на меѓународните курсеви на Регионалниот центар за односи со јавноста (во натамошниот текст: РЦОЈ), кои се спроведуваат во државата и во странство.

Со одлука донесена на Северно атлантскиот совет, од јуни 2013 година, РЦОЈ е акредитиран како НАТО партнерски центар за образование и обука и е единствен ваков центар од Република Северна Македонија деклариран за потребите на НАТО.

Меѓународните курсеви на РЦОЈ редовно се ажурираат на Партнерскиот систем за размена и менаџмент на информации во реално време (во натамошниот текст: e-Prime) и во НАТО каталог на можности за едукација и обука (во натамошниот текст: ЕТОК). Постојат три нивоа на НАТО сертификација на меѓународните курсеви:



СКАОП 485

- NATO Listed;
- NATO Selected;
- NATO Approved.

Меѓународните курсеви се реализираат врз основа на Годишниот план за работа на Центарот, а се изведуваат од страна на сертифицирани медија тренери (во натамошниот текст: СМТ). Во државата се изведуваат со користење на капацитетите за обука на РЦОЈ и/или на друга локација по потреба (со ангажирање на мобилен тренинг тим), додека во странство се изведуваат исклучиво со ангажирање на мобилни тренинг тимови (во натамошниот текст: МТТ).

Постојана обврска на РЦОЈ е да работи на надградување и на развој на постојните курсеви, како и на развој и на воспоставување на нови курсеви во согласност со потребите. На годишно ниво РЦОЈ изработува Каталог на меѓународни курсеви кои се ажурирани на Партнерскиот систем за размена и менаџмент на информации во реално време.

Финансиските импликации за реализирање на меѓународните курсеви се дадени во Анекс 1.

## II Меѓународни курсеви во државата, учество на домашни и на меѓународни учесници и котизација

### Член 2

Меѓународните курсеви кои се изведуваат во државата се наменети за учесници од сите земји на НАТО, Партнерството за мир, Истанбулската иницијатива за соработка, Медитеранскиот дијалог и за земјите кои се глобални партнери на НАТО, следејќи го принципот на недискриминација.

За реализација на обуката се користат капацитетите на РЦОЈ, а во одредени случаи обуката може да се изведува и надвор од Центарот.

Член 3

Меѓународните учесници се пријавуваат по претходно упатена покана за учество на курс од страна на организациската единица надлежна за комуникации.

Поканите за учество се дистрибуираат по електронски пат до:

- воените и одбранбените претставници на Република Северна Македонија;
- лицата за контакт во министерствата за одбрана на земјите од НАТО и партнерските земји и
- мисијата на Република Северна Македонија во НАТО.

Член 4

Меѓународните учесници од НАТО и партнерските земји за учество на меѓународните курсеви во РЦОЈ треба да уплатат средства за котизација за курсевите во согласност со Табела 1, Анекс бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Во котизацијата за учество на меѓународните курсеви е вклучено и следново:

- сместување во капацитетите на РЦОЈ;
- исхрана (појадок, ручек и вечера) во кантината на касарната „Гоце Делчев“ во Скопје;
- кафе и освежителни пијалаци;
- материјали за обука;
- изработка на сертификати за учеството на курсевите и групна фотографија;
- средства за хигиена за учесниците;
- теренски активности и локални посети и
- организирање на официјална вечера за гостите од средна категорија во рамките на курсот.

Средствата за котизација од страна на странските учесници може да се уплатат на следниот начин:

- безготовински - преку банкарски трансфер и
- во готово.

При плаќањето на котизацијата преку банка, плаќањето се врши пред почетокот на курсот, со девизна дознака во корист на Министерството за одбрана, врз основа на поканата за одржување на курсот во која е наведен износот за котизација и сметката на која треба да се изврши уплатата.

Кога котизацијата се уплаќа во готово, странските учесници ја уплаќаат на првиот ден од меѓународниот курс, на лице од организационата единица за комуникации одредено од организаторот.

За уплатената котизација во готово, на лицето кое ја уплатило му се издава соодветна потврда на англиски јазик, потпишана и заверена од овластено лице од организационата единица за комуникации.

Собраните средства, врз основа на котизација за активноста која треба да се реализира, во најкраток можен рок се предаваат во Секторот за финансии, Одделение за контрола. Заедно со финансиските средства се доставува: спецификација на поединечно уплатените средства по земји/учесници, со искажан вкупен збир и службена белешка со образложение по која основа се наплатени средствата во готово.

Средствата наплатени во готово, Одделението за контрола ги предава во благајната во Одделение за платен промет. Од благајната, средствата од котизација се носат во Народна банка.

Денарската противвредност на средствата од котизацијата наплатени вирмански или во готово, се распоредува на приходната сметка на Министерството за одбрана.

Приходите од котизацијата уплатени преку банка или во готово се книжат во книговодството на потпрограма 10 - Администрација, во корист на организациската единица за комуникации и истите се користат исклучиво за потребите на РЦОЈ.

За да се користат приходите врз основа на наплатена котизација, организационата единица за комуникации треба да ги има испланирано и одобрено во буџетот.

Член 5

Условите за уплата на котизација од членот 4 од овој правилник, не се однесуваат на учесници од земји со кои Министерството за одбрана има потпишано билатерални договори за соработка, со кои се овозможува бесплатно учество на меѓународните курсеви во РЦОЈ.

Член 6

Условите за уплата на котизација од член 4 може да не се однесуваат и за останати партнерски земји, по доставено барање од нивна страна за учество без котизација на меѓународните курсеви во РЦОЈ. Доставените барања ги одобрува министерот/ката за одбрана. За оваа потреба за секој меѓународен курс во РЦОЈ се планираат по 3 места за учесниците, според принципот „прв пријавен – прв услужен", по земја.

Член 7

На меѓународните курсеви во РЦОЈ учествуваат и домашни учесници, и тоа од Министерството за одбрана, од Армијата и од останатите државни институции во Република Северна Македонија.

Учесниците од Министерството за одбрана, од Армијата и од останатите државни институции, се утврдуваат врз основа на искажаните годишни потреби за стручно оспособување и усовршување на вработените.

Член 8

Работен јазик за време на реализацијата на меѓународните курсеви е англискиот јазик.

III Ангажирање на експерти од областа

Експерти од областа се воени и цивилни лица од земјата и од странство кои се специјализирани тренери и поседуваат вештини и знаење од одредена област, во случајот со РЦОЈ, од областа на односите со јавноста и стратегиските комуникации.

Експертите од областа се ангажираат со посебна покана од организационата единица за комуникации во Министерството за одбрана, во име на Министерството за одбрана за учество на меѓународните курсеви за реализација на теоретската и практична работа за време на обуката во РЦОЈ, во улога на гости предавачи и/или изведувачи на практичните вежби.

### Член 9

При ангажирање на странски експерти од областа за реализација на меѓународните активности, се обезбедува покривање на патните трошоци (меѓународен транспорт во двата правци), трошоци за исхрана и локален транспорт за времетраење на ангажманот (per diem), хотелско сместување, и паричен надомест (хонорар) за ангажманот.

### Член 10

При ангажирање на домашни експерти од областа за реализација на активностите во РЦОЈ, се обезбедува паричен надомест (хонорар) и покривање на меѓуградските патни трошоци за нивниот ангажман во висина на цената на автобускиот билет.

Висината на хонорарот е прикажана во Табела 2 од Анекс бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

За ангажирање на домашни експерти вработени во Министерството за одбрана не се исплаќа хонорар.

### Член 11

Финансиските средства од членовите 9 и 10 од овој правилник, за ангажирање на експертите од земјата и од странство, се прикажани во Табела 2 од Анекс бр.1.

Финансиските средства за оваа намена се планираат и се обезбедуваат од годишниот буџет на Министерството за одбрана, наменети за потребите на РЦОЈ во рамките на организационата единица за комуникации.

Член 12

Финансиските средства, предвидени за трошоци за исхрана и локален транспорт за времетраење на ангажманот (per diem) за странските експерти од областа, се исплаќаат во готово од страна на Секторот за финансии, во согласност со Табела 2 од Анекс бр.1.

## IV Ангажирање на домашни и на регионални медија тренери сертифицирани во РЦОЈ

Член 13

Сертифицирани медија тренери се воени и цивилни лица од земјата и од странство, кои успешно ја имаат поминато селективната обука „Обучувај го обучувачот" и се стекнале со сертификат за медија тренер од РЦОЈ.

Сертифицираните медија тренери се ангажираат од Министерството за одбрана за подготовка и реализација на националните и на меѓународните обуки во РЦОЈ.

Член 14

Регионалните сертифицирани медија тренери се ангажираат со посебна покана од организационата единица за комуникации во Министерството за одбрана, за подготовка и реализација на меѓународните курсеви.

При ангажирањето, на медија тренерите им се обезбедува:

- авионски (автобуски) билет;
- локален транспорт (од аеродром/автобуска станица до РЦОЈ и назад);
- бесплатно сместување во капацитетите на РЦОЈ и
- исхрана за времетраење на активноста.

Член 15

Домашните сертифицирани медија тренери се од составот на Министерството за одбрана, Армијата и останатите државни институции во Република Северна Македонија, а се ангажираат на следниот начин:

1. Сертифицираните медија тренери од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се ангажираат врз

основа на Решението за организација и реализација на активноста од Министерството за одбрана;

2. Сертифицираните медија тренери од останатите државни институции, се ангажираат со посебна покана од Министерството за одбрана до соодветните институции.

За домашните сертифицирани медија тренери, за време на курсот се обезбедува по еден оброк, а за оние коишто не се со живеалиште во Скопје, на нивно барање им се обезбедува сместување во РЦОЈ и исхрана за времетраење на курсот.

## V Меѓународни курсеви во странство и ангажирање на мобилни тренинг тимови

Меѓународните курсеви во странство се организираат и се реализираат со ангажирање на мобилни тренинг тимови составени од сертифицирани медија тренери од страна на РЦОЈ.

### Член 16

Мобилни тренинг тимови може да се ангажираат врз основа на:

- претходно барање доставено од НАТО или од партнерска земја до РЦОЈ/организационата единица за комуникации во Министерството за одбрана, најдоцна до крајот на месец октомври во тековната година и истите барања влегуваат во Годишниот план за обуки на РЦОЈ за наредната година;
- билатералните договори за соработка помеѓу министерствата за одбрана на Република Северна Македонија и странски земји;
- барања за ангажирање на мобилни тренинг тимови во текот на годината (кои не се влезени во Годишниот план за обуки на РЦОЈ) од страна на НАТО или од партнерска земја, или меѓународна организација, доставени до РЦОЈ/организационата единица за комуникации во Министерството за одбрана, не подоцна од 60 дена пред почетокот на активноста;

- аплицирање од страна на РЦОЈ за користење на НАТО програми и фондови за развој и поддршка, врз основа на НАТО дефинирани потреби за обука на подобни (Eligible) земји (земји партнери на НАТО кои ги исполнуваат условите за поддршка).

## Член 17

Финансиските средства за ангажирањето на мобилни тренинг тимови, во зависност од тоа за што се упатуваат, се обезбедуваат од:

- буџетот на Министерството за одбрана, организационата единица за комуникации, и тоа од приходна сметка или донаторска сметка на која се примени донации наменети за реализација на активност со ангажирање на МТТ (при ангажман базиран врз основа на билатералните договори за соработка);
- од НАТО фондови (при ангажман на МТТ по барање на НАТО или партнерска земја);
- земја или меѓународна организација на чие барање се ангажираат МТТ;
- од финансиски средства обезбедени од трета страна (амбасади, меѓународни организации и слично), при ангажман за потребите за обука во одредена партнерска земја за која финансиските средства ги обезбедува трета страна.

## Член 18

Финансиските средства предвидени за ангажирање на МТТ, во согласност со членовите 16 и 17, се наменети за покривање на трошоците за:

- спроведување на обука на целната група од соодветната земја побарувач на МТТ;
- транспорт на членовите на МТТ;
- дополнителни трошоци за транспорт на аудио, видео и ИТ- опрема за обуката;
- патничко осигурување за членовите на МТТ;
- трошоци за виза (доколку е потребно);
- хотелско сместување и исхрана за време на ангажманот на МТТ и
- трошоци за хонорари.

Авионските карти (превозот на МТТ) се обврска која паѓа на товар на земјата/организацијата која го ангажира МТТ, освен во случај кога станува збор за ангажирање по билатерални договори за соработка.

Локалниот транспорт во земјата/организацијата побарувач на МТТ (превоз од аеродром до хотелот и до местото за изведување обука) го обезбедува земјата домаќин.

Член 19

Лицата коишто се дел од мобилните тренинг тимови имаат право на патни, на дневни и на други трошоци за службени патувања во земјата и во странство. Надоместокот на трошоците за службено патување во земјата и во странство се утврдува во согласност со законските прописи.

Член 20

Финансиските средства од член 18, Анекс 1, Табела 4, предвидени за ангажирање на мобилни тренинг тимови (освен средствата за авионски карти и за хотелско сместување) од страна на земјата/организацијата побарувач на обуката, се уплаќаат на сметка во Народна банка на Република Северна Македонија. Денарската противвредност се уплаќа на приходната сметка на Министерството за одбрана, на потпрограма 10 - Администрација, а во книговодството се евидентира како приход на носител на планирање на организационата единица за комуникации. Финансиските средства од Анекс 1, табели 1 и 3, се користат за потребите на РЦОЈ, додека финансиските средства од Анекс 1, Табела 4, се користат исклучиво за потребите на ангажираниот мобилен тренинг тим.

Член 21

Овој правилник влегува на сила од денот на донесувањето и се објавува на веб - страницата на Министерството.

Бр. 10 - 2454/1
21-05-2020 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска

Прилог:
Анекс 1 – Табели со финансиски импликации

Анекс 1

ТАБЕЛА 1

Цена за реализација на курсеви

| рб | Курс | Ниво на сертифициран курс | Број на учесници | Цена по учесник неделно | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународни курсеви на РЦОЈ кои се ажурирани на Партнерскиот систем за размена и менаџмент на информации во реално време (e-Prime) | NATO Listed | 20 | € | 140,00 |
| | | NATO Selected | | € | 160,00 |
| | | NATO Approved | | € | 200,00 |

Цените се изразени во евра

ТАБЕЛА 2

Трошоци за ангажирање на странски и домашни експерти од областа

| рб | | Странски | Домашни | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Per Diem (дневно) | 40 | / | |
| 2 | Надомест за ангажман по предавање | 50 | 50 | |
| 3 | Хотелско сместување | Хотел со 3-4 ѕвезди до 120 евра | / | |
| 4 | Авионски Транспорт Европа | Економска класа | / | |
| 5 | Авионски Транспорт Други Континенти | Економска класа | / | |
| 6 | Други видови меѓународен транспорт | максимум 150 | / | Автобус, Трамвај, Метро, Такси (локал) |
| 7 | Меѓуградски транспорт | / | Во висина на реални трошоци | Автобус, воз |

Цените се изразени во евра

ТАБЕЛА 3

Цена за реализација курс од страна на МТТ

| рб | Курс | Број на учесници | Цена по учесник неделно | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Basic PA | 25 | € | 50,00 |
| 2 | PA in International Operations | 25 | € | 50,00 |
| 3 | Crisis Communication | 25 | € | 50,00 |
| 4 | Tailored Courses | 25 | € | 80,00 |

ТАБЕЛА 4

Цена за ангажирање на МТТ

| рб | | Тим | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Транспорт | 4 | авионски карти економска класа | |
| 2 | Хотелско Сместување по лице по ден | 4 | Хотел со 3 или 4 ѕвезди до 120 евра | |
| 3 | Хонорар по лице по ден | 4 | € | 50,00 |
| 4 | Дополнителни трошоци (виза, патничко осигурување) по потреба | 4 | € | 30,00 |